**20151925284**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УГОСТИТЕЛСКА ДЕЈНОСТ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за угостителска дејност,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 2 ноември 2015 година.

Бр. 08 – 5099/1
2 ноември 2015 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УГОСТИТЕЛСКА ДЕЈНОСТ

Член 1

Во Законот за угостителска дејност („Службен весник на Република Македонија“ број 62/2004, 89/2008, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14 и 129/15), во членот 23 став 1 точка 3, точката и запирката се заменуваат со запирка и се додаваат зборовите: “а на 31 декември до 07,00 часот наредниот ден;“.

Во точката 4 по зборовите: „31 декември“ се додаваат зборовите: „до 07,00 часот наредниот ден“.

Во точката 5 по зборовите: „31 декември“ се додаваат зборовите: „до 20 часот наредниот ден“.

Во точката 6 по зборовите: „31 декември“ се додаваат зборовите: „до 19 часот наредниот ден“.

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија.